


**ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 6, 7 И 8 СЕПТЕМВРИ**

# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 61,
МЕСЕЦ
АВГУСТ 2024

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Во новиот информатор ќе пронајдете:
Најнови проекти, настани,
образование и друго.
Продолжете со читање !

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ.„РЕСАВСКА" ОТКАКО ИСТАТА БЕШЕ ПРЕТХОДНО РЕКОНСТРУИРАНА СО ШТО СЕ ПОСТАВИЈА НОВИ ТРОТОАРИ И НОВ КОЛОВОЗ СО ПОВРШИНА ОД 1240 МЕТРИ КВАДРАТНИ, А УЛИЦАТА ЌЕ ДОБИЕ И НОВ ДРВОРЕД. ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА НА ПРОЕКТОТ Е 3.740.000 ДЕНАРИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



БЕТОНИРАЊЕ НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ НА УЛ. „БРАЌА ЏУНОВИ", НА ОКОЛУ 185 М2, КАДЕ НА ИСТОТО ЌЕ СЕ ПОСТАВИ НОВА ГУМЕНА ПОДЛОГА И ЌЕ СЕ МОНТИРААТ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ТЕРАКОТА ОД ПРИЛЕП.



ПРОДОЛЖУВА ИЗГРАДБАТА НА ПАРКОТ ВО СКЛОП НА СОЗШУ "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" НА ПОВРШИНА ОД 14000 М2, СО ВКУПНА ВРЕДНОСТ ОД 9.870.000 ДЕНАРИ. ПРИ ИЗГРАДБАТА НА ОВОЈ ПАРК ВО ЦЕЛОСТ ЌЕ БИДЕ ОПФАТЕНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИТЕ ИГРАЛИШТА, ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ, ПОСТАВУВАЊЕ НА ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ И УРБАНА ОПРЕМА. СО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ПАРКОТ ЌЕ СЕ НАПРАВИ ПЕШАЧКА ВРСКА СО КЕЈОТ КОЈ Е ВО ПООДМИНАТА ФАЗА НА ИЗГРАДБА И СО ТОА ГРАЃАНИТЕ ЌЕ ДОБИЈАТ КОМПЛЕТНА ПЕШАЧКА ЗОНА И РЕКРЕАТИВЕН ДЕЛ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ПАВЕР ТРЕЈД.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА НА НАД 20 ЛОКАЦИИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ! БЕТОНИРАЊЕ НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ НА УЛ. „СОЛУНСКА ГЛАВА"НА ПОВРШИНА ОД 220 М 2, НА КОЕ ЌЕ СЕ ПОСТАВИ ГУМЕНА ПОДЛОГА, ЌЕ СЕ МОНТИРААТ НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ И ЌЕ СЕ РЕПАРИРААТ ВЕЌЕ ПОСТОЕЧКИТЕ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ТЕРАКОТА ОД ПРИЛЕП.



ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ОД БРАНА ХЕЦ ТИКВЕШ ДО НАСЕЛБА ГОЛЕШ, КОЈА ОПФАЌА БЕТОНИРАЊЕ НА ПАТОТ, НА ПОВРШИНА ОД 1040 М2. ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.



ЗАВРШЕНА Е ИЗГРАДБАТА НА ПОТПОРЕН ЅИД НА УЛ. „ВИТАЧЕВО" СО ЦЕЛ ОФОРМУВАЊЕ НА ТРОТОАР ЗА БЕЗБЕДНО ДВИЖЕЊЕ НА ПЕШАЦИТЕ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.



БЕШЕ СПРОВЕДЕНО ТРЕТОТО АВИОНСКО ПРСКАЊЕ ПРОТИВ КОМАРЦИ. СО ТРЕТИРАЊЕТО БЕШЕ ОПФАТЕНО ТЕЧЕНИЕТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ОД С. МАРЕНА, ЦЕЛОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ, С. ВАТАША ПА СЕ ДО БРАНА МОКЛИШТЕ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТАТА Е ФИРМАТА БОНИЕР ОД КУМАНОВО.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ПРОДОЛЖУВА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА ЗАШТИТНА ЕЛАСТИЧНА ОГРАДА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА. ВО МОМЕНТОТ СЕ РАБОТИ НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ КОН СЕЛАТА КРЊЕВО И БОХУЛА, А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА КЕДИНГ ОД СКОПЈЕ.
ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ БИДЕ ПОСТАВЕНА ВАКВА ОГРАДА И НА ОСТАНАТИТЕ ПАТИШТА ВО ДОЛЖИНА ОД 1700М.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Д-Р СТОЈАНЧО РАМОВ ДЕНЕС НАПРАВИЈА УВИД ВО ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА УЛ. „ЃОРЃИ СОКОЛОВ". РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ „ЃОРЃИ СОКОЛОВ" НА ПОВРШИНА ОД 3500М2 КОЈА Е ВО РАМКИ НА "ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА" . ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ОД ВЛАДАТА НА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ЗАЕМОТ НА СВЕТСКА БАНКА, ВО ИЗНОС ОД 1.112.010 ЕВРА КОЈ СЕ РЕАЛИЗИРА ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, А СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА.ИСТАТА ПРЕТХОДНО СЕ ТАМПОНИРАШЕ ПО ШТО СЕГА ЦЕЛОСНО ЌЕ СЕ АСФАЛТИРА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.



БЕТОНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ОД БРАНА ХЕЦ ТИКВЕШ ДО НАСЕЛБА ГОЛЕШ НА ПОВРШИНА ОД 1040 М2. ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЈП КОМУНАЛЕЦ ПРОДОЛЖУВА СО МУЛЧИРАЊЕ НА СИТЕ ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО КАВАДАРЦИ. СЕ МУЛЧИРА ПАТНИОТ ПРАВЕЦ ИЗЛЕЗ КАВАДАРЦИ – ДРЕКСЛМАЈЕР А ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ СО ПАТНИТЕ ПРАВЦИ КОН СИТЕ ВИКЕНД НАСЕЛБИ И СЕЛАТА ВО ПОДКОЖУВИЕТО.



Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА СО МУЛЧИРАЊЕ НА ПАТНИТЕ ПРАВЦИ. ДЕНЕС СЕ МУЛЧИРА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ДО СЕЛО ФАРИШ, А ВО ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ И КОН СИТЕ ОСТАНАТИ ПАТНИ ПРАВЦИ.



ГРАДЕЖНА ГРУПА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВРШИ БЕТОНИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОТОАРОТ НА УЛ.ИГМАН.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

КАКО ПРЕВЕНТИВНА МЕРКА ЗА ЗАШТИТА ОД ЕВЕНТУАЛНИ ПОЖАРИ СЕ ВРШИ ПАРЦЕЛИЗАЦИЈА НА МЕСНОСТА ЉУБАШ.



ВО ТЕК Е ПОСТАВУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ ТАБЛИ ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ НА ИМИЊАТА НА СИТЕ КРУЖНИ ТЕКОВИ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ. ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ ВКУПНО 32 ТАБЛИ.







МУЛЧИРАЊЕ НА СИТЕ ЛОКАЛНИ ПАТИШТА СО НОВА ПРИКЛУЧНА МЕХАНИЗАЦИЈА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ . ДЕНЕС СЕ ВРШИ МУЛЧИРАЊЕ НА ПАТЕН ПРАВЕЦ РЕСАВА-БЕГНИШТЕ-ДАБНИШТЕ.



ВО ТЕК Е ИЗГРАДБАТА НА ПАРК ВО СКЛОП НА СОЗШУ "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" НА ПОВРШИНА ОД 14000 М 2, СО ВКУПНА ВРЕДНОСТ ОД 9.870.000,ОО ДЕНАРИ.
ПРИ ИЗГРАДБАТА НА ОВОЈ ПАРК ВО ЦЕЛОСТ ЌЕ БИДЕ ОПФАТЕНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИТЕ ИГРАЛИШТА, ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ, ПОСТАВУВАЊЕ НА ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ И УРБАНА ОПРЕМА. СО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ПАРКОТ ЌЕ СЕ НАПРАВИ ПЕШАЧКА ВРСКА СО КЕЈОТ КОЈ Е ВО ПООДМИНАТА ФАЗА НА ИЗГРАДБА И СО ТОА ГРАЃАНИТЕ ЌЕ ДОБИЈАТ КОМПЛЕТНА ПЕШАЧКА ЗОНА И РЕКРЕАТИВЕН ДЕЛ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „27 МАРТ" ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ, ОТКАКО ПРЕТХОДНО СЕ РЕКОНСТРУИРАШЕ ОДНОСНО СЕ ИЗВРШИ ОДВОЈУВАЊЕ НА ФЕКАЛНА ОД АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, КАКО И ВОДОВОДНА МРЕЖА. ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.



ГРАДСКАТА ДЕПОНИЈА ВО КАВАДАРЦИ ДОБИ ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И СО ТОА СЕ ОБЕЗБЕДУВА 24 ЧАСОВНА ЧУВАРСКА СЛУЖБА, КАКО И ВИДЕО МОНИТОРИНГ СО КОЈ ДОПОЛНИТЕЛНО ЌЕ СЕ ЗГОЛЕМИ БЕЗБЕДНОСТА НА ИСТАТА. ИНВЕСТИЦИЈАТА Е НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.



ЧИСТЕЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ НА ПРИСТАПЕН ПАТ ОД МОКЛИШКА ЧЕШМА ДО ХИДРОЦЕНТРАЛА 3.



СЕ ЗАВРШИ СО ТАМПОНИРАЊЕ ПРИСТАПНИОТ ПАТ ОД БРАНА МОКЛИШТЕ ДО МОКЛИШКАТА ЧЕШМА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ДЕНЕС СЕ РАБОТИ НА ПРОШИРУВАЊЕ НА ПАТОТ КОН СЕЛО ГАРНИКОВО И СЕ ЧИСТАТ КАНАВКИТЕ СО ЦЕЛ ИСТИОТ ДА Е ПОБЕЗБЕДЕН ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ. РАБОТАТА СЕ ВРШИ СО МЕХАНИЗАЦИЈА ОД ФИРМАТА ЈА-МИ КАВАДАРЦИ.



БЕТОНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ОД БРАНА ХЕЦ ТИКВЕШ ДО НАСЕЛБА ГОЛЕШ НА ПОВРШИНА ОД 1040 М2. ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.



ВО ТЕК Е ГРЕБЕЊЕ НА СТАРИОТ АСФАЛТ НА БУЛЕВАР „ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ" НА ПОВРШИНА ОД 2000М2. СЛЕДНА ФАЗА Е ПОРАМНУВАЊЕ ПО ШТО СЛЕДУВА НОВО АСФАЛТИРАЊЕ НА САМИОТ БУЛЕВАР.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.





АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ.„ДИСАНСКА", ОДНОСНО ПАТОТ ДО СПОМЕН КОСТУРНИЦА, НА ПОВРШИНА ОД 2200 М2. ОВОЈ ПРОЕКТ Е ОД ПРОГРАМАТА НА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНАТА Е ИЗГРАДБАТА НА ПОТПОРЕН ЅИД НА УЛ. „25 МАЈ", СОГЛАСНО ПОТРЕБИТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА УЛИЦАТА. ИСТИОТ ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ И Е ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.



ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ РЕАЛИЗИРАН ПРОЕКТ ЗА ПРОБИВАЊЕ НА УЛ.ДОМОВИЦА, ВО ТЕК Е ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАР. СО ОВА КОМПЛЕТНО ЌЕ СЕ ЗАВРШИ УРЕДУВАЊЕТО НА ОВОЈ ДЕЛ ОД УЛ. ДОМОВИЦА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА КРАК ОД УЛ. ДОМОВИЦА.
ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ОФОРМЕНА ОВАА УЛИЦА, БЕШЕ ИЗГРАДЕН ПОТПОРЕН ЅИД, ПОСТАВЕНА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА, СЕГА СЕ ПРОДОЛЖУВА СО ПОТПОРЕН ЅИД И КОМПЛЕТНО АСФАЛТИРАЊЕ.



ОТКАКО БЕШЕ ЗАВРШЕНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛ. РЕСАВСКА СЕ ОТПОЧНА СО САДЕЊЕ НА САДНИЦИ ОД ВИДОТ PLATANUS ACERIFOLIA. СО ОВАА АКЦИЈА ЗА САДЕЊЕ ЌЕ СЕ ОПФАТИ И ЦЕЛАТА УЛ.РЕСАВСКА КАДЕ ШТО НЕМА ДРВОРЕД. СО ОВОЈ ТЕНДЕР СЕ ОПФАТЕНИ И ДРУГИ ДРВОРЕДИ ПРИ ШТО ЌЕ СЕ ПОСАДАТ ВКУПНО 122 САДНИЦИ А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДИНА ЦВЕТ ОД ВАСИЛЕВО.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРОБИВАЊЕ НА БУЛ.ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ И СПОЈУВАЊЕ СО ЗАПАДЕН БУЛЕВАР.
СО ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ ИЗВЕДУВА КОМПЛЕТНО ЦЕЛИОТ БУЛЕВАР СО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ТРОТОАРИ ВО ДОЛЖИНА ОД 180 МЕТРИ. ОВОЈ ПРОЕКТ Е КОМПЛЕТНА ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 6 МИЛИОНИ ДЕНАРИ И ПОВРШИНА ОД 4900 МЕТРИ КВАДРАТНИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



ПРОДОЛЖУВА ГРЕБЕЊЕТО НА СТАРИОТ АСФАЛТ НА БУЛЕВАР „ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ" НА ПОВРШИНА ОД 2000М2. СЛЕДНА ФАЗА Е ПОРАМНУВАЊЕ ПО ШТО СЛЕДУВА НОВО АСФАЛТИРАЊЕ НА САМИОТ БУЛЕВАР. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.



Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА СО КОМПЛЕТНО НОВИ ШАХТИ ВО СЕЛО БОХУЛА, ВО ДОЛЖИНА ОД 520М СО КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ Ф315.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ И ЛОКАЛНА САМОУПРАВА КАВАДАРЦИ.



СЕ ПРОДОЛЖУВА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА МЕТАЛНИ СТОЛБЧИЊА ЗА ЕЛАСТИЧНА ОГРАДА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ КОН С.РАЕЦ.



# СТРИТ ФЕСТ

- ВЕЧЕРВА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД „ПРИКАЗНИ ЗА ДОБРА НОЌ" ВО СОРАБОТКА СО ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА ФЕТКИН И ПОПУЛАРНИОТ ТУРИСТИЧКИ ВОЗ „ГРОЗДОБЕРКО"
НАСМЕАНИ И ВЕДРИ ЛИЦА НАСЕКАДЕ!
- ОТВАРАЊЕ НА ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА „ВО ПОТРАГА ПО ИДЕАЛЕН АКВАРЕЛ" ОД ЛАЗАР ДОЈЧИНОВ, ВО МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ.
- СЕКОГАШ НАСМЕАНИ И РАСПЕАНИ ДЕТСКИ ЛИЦА КОГА Е ВО ПРАШАЊЕ ГРОЗДОБЕРЧЕ. НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД СО ИЗВОНРЕДЕН РЕПЕРТОАР НАСТАП НА СИТЕ ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕСНИЦИ НА ДЕТСКИОТ ФЕСТИВАЛ „ГРОЗДОБЕРЧЕ".
- БОЕМСКА УЛИЦА.
- КУКЛЕН ТЕАТАР И ЦРТАЊЕ НА ЛИЦА ВЕЧЕРВА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ!
- КУКЛЕН ТЕАТАР НА СЕНКИ ВЕЧЕРВА ЗА НАЈМИЛИТЕ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД!
- ВЕЧЕРНО УЖИВАЊЕ СО TIM ACOUSTIC - LIVE MUSIC НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД!
- СПОРТСКИ ИГРИ НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД!
- КОНЦЕРТ НА СТУДИО ЗА ТАНЦ СТАРС.
- ЗАБАВА СО МИМИ И МНОГУ НАСМЕАНИ ДЕЧИЊА НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД.
- „ПРОМОЦИЈА НА ПРОТИВПОЖАРНА ОПРЕМА" ОД СТРАНА НА КОМАНДИРОТ И ПОЖАРНИКАРИТЕ ОД ТППЕ КАВАДАРЦИ
- ВЕЧЕРВА ВО ГАЛЕРИЈАТА ПРИ ДОМОТ НА КУЛТУРАТА "ИВАН МАЗОВ - КЛИМЕ" КАВАДАРЦИ, БЕШЕ ОТВОРЕНА ИЗЛОЖБА НА ДЕЛА РЕАЛИЗИРАНИ НА ДЕВЕТАТА МЕЃУНАРОДНА РАДОВИШКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА 2024.
НА ИЗЛОЖБАТА БЕА ПРЕТСТАВЕНИ ТРИЕСЕТИНА ЛИКОВНИ ДЕЛА НА УЧЕСНИЦИТЕ НА КОЛОНИЈАТА, ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ ОД МАКЕДОНИЈА, ТУРЦИЈА И БУГАРИЈА.
- ФОЛКЛОРЕН КОНЦЕРТ "ФАТЕНИ ЗА РАЦЕ ГО МЕНУВАМЕ СВЕТОТ". ПУБЛИКАТА УЖИВАШЕ ВО НАСТАПОТ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПАРАЛЕЛКАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ПРИ О.О. У "СТРАШО ПИНЏУР" КАВАДАРЦИ И ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ "ТИКВЕШ" КАВАДАРЦИ.
- ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПЛАНИНАРСКА ОПРЕМА И ДРУЖЕЊЕ СО ПЛАНИНАРИТЕ НА ПСК ОРЛЕ КАВАДАРЦИ.
- ГОЛЕМА САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА ПОЗНАТИОТ МАКЕДОНСКИ ЛИКОВЕН УМЕТНИК ТОМЕ МИШЕВ ОД НЕГОТИНО.
ИЗЛОЖБАТА Е ВО РАМКИТЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА "КАВАДАРЦИ - МИХАЈЛОВО 2024". ТРАДИЦИОНАЛНО КОЛОНИЈАТА СЕ ОТВОРА СО ИЗЛОЖБА НА ЕДЕН ОД УМЕТНИЦИТЕ УЧЕСНИЦИ НА КОЛОНИЈАТА, А ИСТАТА Е ПОДДРЖАНА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.
- ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ИЗЛОЖБА НА ПОЛИЦИСКА ОПРЕМА ОД СТРАНА НА НАШИТЕ ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИЦИ ВО СОРАБОТКА СО ПС ОН КАВАДАРЦИ!
- СТРИТ БАСКЕТ НАТПРЕВАРИ НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД!
I МЕСТО – ТИКВЕШ
II МЕСТО – ДПД САШКО ГЕШОВСКИ

# СТРИТ ФЕСТ

III МЕСТО - КАВАДАРЦИ БОЈС.
НАЈДОБАР СТРЕЛЕЦ ВО ШУТ ЗА ТРИ ПОЕНИ Е ТРАЈЧЕ СТОЈАНОВСКИ.
ГОЛЕМА ПОСЕТЕНОСТ, ЗАДОВОЛНА ПУБЛИКА И НАЈВАЖНО ЗАДОВОЛНИ ИГРАЧИ!
КАВАДАРЦИ Е СПОРТСКИ ГРАД!
































# НАСТАНИ

СРЕДБА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДА ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ СО ПОЖАРНИКАРИТЕ НА ТППЕ КАВАДАРЦИ И СИТЕ КОИ УЧЕСТВУВАА ВО БОРБАТА СО ПОЖАРОТ НА СЕРТА.



ПОТПИШУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ФРАНШИЗА НА ТИКВЕШ ИНВЕСТ СО ХОТЕЛОТ ХОЛИДЕЈ ИН, ОДНОСНО ГРУПАЦИЈАТА „IHG HOTELS & RESORTS", ВО КАВАДАРЦИ.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, ЗАЕДНО СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И МИНИСТЕРОТ ЗА СПОРТ БОРКО РИСТОВСКИ БЕШЕ ВО УВИД НА ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА ОБЈЕКТОТ НА ПОРАНЕШНА „ЛА ЛУНА", КОЈ ЌЕ ПРЕРАСНЕ ВО ЗАТВОРЕН БАЗЕН СО ДИМЕНЗИИ ОД 25/9 И ДЛАБОЧИНА ОД 1.20 МЕТРИ И ИСТИОТ ПРВЕНСТВЕНО ЌЕ СЕ КОРИСТИ ЗА ДЕЦАТА ОД ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА, НО И РЕКРЕАТИВНО ЌЕ МОЖАТ ДА ГО КОРИСТАТ И СИТЕ ОСТАНАТИ ГРАЃАНИ. ОВОЈ ПРОЕКТ БЕШЕ ДЕЛ ОД ПРЕДИЗБОРНАТА ПРОГРАМА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.



ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРАНСПОРТ АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ И ДИРЕКТОРОТ НА ЈПДП КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ. ЗАЕДНО СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРАТЕНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКОТО СОБРАНИЕ ЗОРАН ЈОВАНЧЕВ И ВЕСНА ЃОРЃИЕВА БЕА ВО УВИД НА ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА УЛИЦАТА „ЃОРЃИ СОКОЛОВ".НА ТЕРЕН СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА ПОНАТАМОШНИОТ ТЕК ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛИЦАТА.



# НАСТАНИ

ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО СЛУЖБИ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ И МОЈ ОПШТИНАР, ИМА ПРИЕМЕН ДЕН ЗА ГРАЃАНИТЕ. СЕ РАЗГОВАРА СО ОКОЛУ СТОТИНА ГРАЃАНИ ЗА НИВНИТЕ ПРОБЛЕМИ, НО И ПРЕДЛОЗИ, СУГЕСТИИ И ЗАБЕЛЕШКИ ВО ДЕЛОТ НА УРБАНИЗМОТ, КОМУНАЛНАТА ИЗГРАДБА, КАКО И НА ДРУГИ ТЕМИ.



---

ПРВА ВАЈАРСКА КОЛОНИЈА МОКЛИШТЕ 2024 ГОДИНА!

СО ГОЛЕМО ЗАДОВОЛСТВО ВИ НАЈАВУВАМЕ ДЕКА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЛОКАЛЕН МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА, ЗАЕДНО СО УМЕТНИЦИТЕ ПРОФ.Д-Р СЛОБОДАН МИЛОШЕВСКИ, ПРФ. Д-Р ВАЛЕНТИНА СТЕВАНОВСКА, МАРЈАН СТОЈАНОВСКИ, ОЗБЕК АЈВАЗ И СЛАВЧО ПЕТРЕВСКИ ДЕНЕС ВО ВИЛА МОКЛИШТЕ ЈА ОТВОРИ ПРВАТА ВАЈАРСКА КОЛОНИЈА НА ТЕРИТОРИЈА НА НАШАТА ОПШТИНА. КОЛОНИЈАТА ЌЕ ТРАЕ ДО 20 АВГУСТ, А УМЕТНИЧКИТЕ ДЕЛА ЌЕ БИДАТ МОНУМЕНТАЛНИ СКУЛПТУРИ И СКУЛПТУРИ ЗА ЈАВЕН ПРОСТОР, КОИ ОТКАКО ЌЕ БИДАТ ЦЕЛОСНО ЗАВРШЕНИ ЌЕ БИДАТ СВЕЧЕНО ПРЕЗЕНТИРАНИ ВО ЛОКАЛЕН МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА, А ПОСТАВЕНИ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ВО КАВАДАРЦИ, ВО РАМКИТЕ НА ТИКВЕШКИОТ ГРОЗДОБЕР 2024 ГОДИНА.




---

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Д-Р СТОЈАНЧО РАМОВ ОСТВАРИ И КРАТКА СРЕДБА СО МИНИСТЕРКАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА ПРОФ.ДР ВЕСНА ЈАНЕВСКА ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ГЛАВЕН АКЦЕНТ БЕШЕ СТАВЕН НА ПРОШИРУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ НА УЧИЛИШТАТА, СО ЕДНА ЦЕЛ, А ТОА Е ВОВЕДУВАЊЕ НА ЕДНОСМЕНСКА НАСТАВА КОЈА Е ПРОГРАМСКА ОПРЕДЕЛБА И НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И НА ВЛАДАТА. СЕ РАЗГОВАРАШЕ И ЗА УСПЕШНОСТА НА ПРОЕКТОТ „БЕСПЛАТЕН ОБРОК ЗА СИТЕ УЧЕНИЦИ ОД ПРВО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ" КОЈ ПРВПАТ СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ ВО КАВАДАРЦИ, НА ТЕРИТОРИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ПОДОБРУВАЊЕТО НА УСЛОВИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА, ТЕКОТ НА ИЗГРАДБАТА НА НОВИТЕ ЧЕТИРИ СПОРТСКИ САЛИ ВО ПОДРАЧНИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА, КАКО И РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЧЕНИЧКИОТ ДОМ „КРСТЕ МИСИРКОВ".



# НАСТАНИ





ВО РАМКИ НА ПОСЕТАТА НА МИНИСТЕРОТ ЗА ТРАНСПОРТ АЛЕКСАНДАР НИКОЛОВСКИ И ДИРЕКТОРОТ НА ЈПДП КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОД СТРАНА НА РАКОВОДИТЕЛОТ НА СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ, СООБРАЌАЈ И ЖИВОТНА СРЕДИНА АЛЕКСАНДРА ДЕНЕВСКА И РАКОВОДИТЕЛОТ НА СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЕЛЕНА ТАСЕВСКИ БЕШЕ ПРЕЗЕНТИРАН ПРЕДЛОГ – ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ОБИКОЛНИЦА НА ГРАД КАВАДАРЦИ. ПЛАНИРАНАТА ДЕЛНИЦА МАРЕНА – ФАБРИКА ДРЕКСЛМАЈЕР – ЈУГОКОМЕРЦ – М.В. КАТУНИШТЕ –ВИТАЧЕВО, ШТО ВО ИДНИНА ЌЕ СЕ ПОВРЗИ СО ГРАНИЧЕН ПРЕМИН КАЈ СЕЛО МАЈДАН, КАКО ДЕЛ ОД ПАТНАТА МРЕЖА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗАПОЧНУВА ОД ПОСТОЈНИОТ РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р1103, ПОМИНУВА СЕВЕРНО ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО МАРЕНА, ПОКРАЈ УПВНМ ЗА СТОПАНСКА ЗОНА ТЕЛОТ И ФАБРИКАТА ДРЕКСЛМАЈЕР, ПОКРАЈ ЗАПАДНАТА ГРАНИЦА НА ГУП НА ГРАД КАВАДАРЦИ И НАСЕЛБИТЕ ВАТАША И ГЛИШИЌ, ПОКРАЈ М.В ЈУГОКОМЕРЦ КОН ЈУГ ДО М.В. КАТУНИШТЕ. ВКУПНАТА ДОЛЖИНА НА ЦЕЛАТА ДЕЛНИЦА ИЗНЕСУВА ОКОЛУ 14 КМ.

---



СРЕДБА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ СО ГРАДОНАЧАЛНИЦИ НА ОПШТИНИТЕ ГОСТИВАР, КУМАНОВО И СТРУМИЦА КАКО И ПОСТОЈАН ПРЕТСТАВНИК ОД UNDP АРМЕН ГРЕГОРИЈАН.

---

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО МИНИСТЕРКАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА ПРОФ Д-Р ВЕСНА ЈАНЕВСКА ИЗВРШИЈА УВИД ВО АКТИВНОСТИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА КРОВОТ НА С.О.У „ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО" КОЈА Е ИНВЕСТИЦИЈА ОД БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО. НА ТЕРЕН СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА ПОСВЕТЕНОСТА И ВИЗИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ОДНОС НА МОДЕРНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ДОЛГОРОЧНИОТ ПЛАН КАКО ДА СЕ ОДРЖУВА УНАПРЕДУВАЊЕТО И КВАЛИТЕТОТ НА ИСТОТО.



НОВИ МЕЃУНАРОДНИ ОБРАЗОВНИ ИСКУСТВА ВО УЧИЛИШТЕТО ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ОД КАВАДАРЦИ

ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ОД КАВАДАРЦИ, КАКО ДОБИТНИК НА АКРЕДИТАЦИЈА ЗА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ПРЕКУ ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС ПЛУС ФИНАНСИРАНО ОД МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И МОБИЛНОСТ, РЕАЛИЗИРА ГОЛЕМ БРОЈ НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ ОДВИВАА ВО ТЕКОТ НА ЦЕЛАТА УЧИЛИШНА ГОДИНА: ГРУПНА МОБИЛНОСТ НА УЧЕНИЦИ ВО СТОКХОЛМ, ШВЕДСКА, ПОСЕТА НА КУРС ЗА МОДЕРНА УЧИЛНИЦА ВО ДАБЛИН, ИРСКА И ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО ЛИМАСОЛ, КИПАР, КАКО И СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ВО ПАРНЕР УЧИЛИШТЕ ВО АРУБА. ДЕСЕТ УЧЕНИЦИ И ДВАЈЦА НАСТАВНИЦИ ИМАА МОЖНОСТ ДА ПРИСУСТВУВААТ НА НАСТАВА ВО УЧИЛИШТЕ ВО ГРАДОТ СТОКХОЛМ, ШВЕДСКА КАДЕ ЗАЕДНО СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ШВЕДСКОТО УЧИЛИШТЕ ИМАА МОЖНОСТ ДА НАУЧАТ МНОГУ РАБОТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ШВЕДСКА, ДА НАПРАВАТ СПОРЕДБА СО НАШИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ И ДА ГО СПОДЕЛАТ НАУЧЕНОТО СО НИВНИТЕ ВРСНИЦИ ВО НИВНОТО УЧИЛИШТЕ ПО ВРАЌАЊЕТО ДОМА. УЧЕНИЦИТЕ ИМАА МОЖНОСТ, НА ПОКАНА ОД НИВНИТЕ СОУЧЕНИЦИ, ДА ПОМИНАТ НЕКОЛКУ ДЕНА ВО ШВЕДСКО СЕМЕЈСТВО ПРИ ШТО СЕ ЗАПОЗНАА СО ШВЕДСКАТА КУЛТУРА И ОБИЧАИ, ШТО ЗА НИВ БЕШЕ ЕДНО НЕЗАБОРАВНО НЕСЕКОЈДНЕВНО ИСКУСТВО. КАКО ДЕЛ ОД СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ, УЧЕНИЦИТЕ ПОСЕТИЈА НЕКОЛКУ МУЗЕИ СО ШТО СЕ ЗАПОЗНАА УШТЕ ПОДОБРО СО ШВЕДСКАТА КУЛТУРА И ОБИЧАИ. ЕДЕН НАСТАВНИК ПОСЕТИ КУРС ВО ИРСКА ЗА ПРИМЕНА НА ИКТ ВЕШТИНИ ВО НАСТАВАТА СО КОИ УЧИЛНИЦАТА ЌЕ СТАНЕ МОДЕРНО МЕСТО ИНТЕРЕСНО ЗА УЧЕНИЦИТЕ, КАДЕ ТИЕ ЌЕ БИДАТ МОТИВИРАНИ ДА СЕ СТЕКНАТ СО НОВИ ЗНАЕЊА. НАСТАВНИКОТ СЕ ЗАПОЗНА СО УЧЕСНИЦИ ОД РАЗНИ ЗЕМЈИ КОИ ГИ ПРЕЗЕНТИРАА НАЈНОВИТЕ ДОСТИГНУВАЊА ВО ИНФОРМАТИЧКАТА ТЕХНОЛОГИЈА КОИ УСПЕШНО МОЖЕ ДА СЕ ПРИМЕНТА ВО НАСТАВНИОТ ПРОЦЕС. ДВАЈЦА НАСТАВНИЦИ БЕА НА ОБУКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО НОВИ ЈАЗИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ НА ОРГАНИЗИРАН ЈАЗИЧЕН КУРС ЗА НАСТАВНИЦИ ВО ЛИМАСОЛ, КИПАР, КАДЕ НАСТАВНИЦИТЕ ОД УЧИЛИШТЕТО УСВОИЈА КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАЗИЧНИ ВЕШТИНИ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК. БЕШЕ ОДБРАНО ТОКМУ ОВА УЧИЛИШТЕ БИДЕЈЌИ КИПАР ДОЛГИ ГОДИНИ БЕШЕ АНГЛИСКА КОЛОНИЈА И НА ОСТРОВОТ СЕ УШТЕ Е ПРИСУТНА ТРАДИЦИЈАТА ЗА ИЗУЧУВАЊЕ НАПОРЕДНО СО ГРЧКИОТ И НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК, БИДЕЈЌИ ИМА ГОЛЕМ

БРОЈ НА УЧИЛИШТА КОИ НУДАТ РАЗНИ КУРСЕВИ ЗА ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК, ВО ЗАВИСНОСТ ОД НИВОТО НА ЈАЗИЧНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ. ЕДЕН НАСТАВНИК ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК, КАКО И ДВЕ ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ ПОСЕТИЈА ПАРТНЕР УЧИЛИШТЕ ВО АРУБА КАДЕ ИМАА МОЖНОСТ ДА СЕ ЗАПОЗНААТ СО РАБОТАТА НА УЧИЛИШТАТА ВО АРУБА И ДА РАЗМЕНАТ ИСКУСТВА И НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ КОИ ЌЕ МОЖАТ ДА ГИ ПРИМЕНАТ НА СВОЕТО РАБОТНО МЕСТО.



СИТЕ ОВИЕ МОБИЛНОСТИ СЕ НЕЗАБОРАВНИ ИСКУСТВА КОИ УЧЕСНИЦИТЕ ЌЕ ГИ ПАМТАТ ДОЛГО И СО КОИ КЕ ГИ ПОДОБРАТ СВОИТЕ ОБРАЗОВНИ, ЈАЗИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ, СТЕКНУВАЈЌИ ДОЛГОТРАЈНИ ПРИЈАТЕЛСТВА КОИ ЌЕ ТРААТ ДОЛГО И ПОСЛЕ ЗАВРШУВАЊЕТО НАПРОЕКТОТ. АКРЕДИТАЦИЈАТА НА УЧИЛИШТЕТО ПРОДОЛЖУВА И ВО НАРЕДНИТЕ ГОДИНИ. СЕ НАДЕВАМЕ НА СЛИЧНИ ИСКУСТВА ВО УШТЕ ПОГОЛЕМ ОБЕМ ВО ТЕКОТ НА НАРЕДНИТЕ НЕКОЛКУ ГОДИНИ.

# ДОНАЦИИ

ГОЛЕМА ДОНАЦИЈА КОЈА ГО ПРОДОЛЖУВА И ТАКА БРЗИОТ РАЗВОЈ НА КАВАДАРЦИ!
ОД ОВАА ЗИМА КАВАДАРЧАНИ ЌЕ УЖИВААТ И ВО ЗИМСКИТЕ СПОРТОВИ!
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДЕНЕС ДОБИ ГОЛЕМА ДОНАЦИЈА КОЈА ОЗНАЧУВА ПОЧЕТОК НА РАЗВОЈ НА ЗИМСКИТЕ СПОРТОВИ ВО КОИ ЌЕ УЖИВААТ СИТЕ ГЕНЕРАЦИИ.
ДЕНЕС СО ОДЛУКА НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, НАШИОТ УБАВ ГРАД ПРИМИ ДОНАЦИЈА ОД 231.660,00 ЕВРА, ОД КОИ 115.000,00 ЕВРА СЕ СРЕДСТВА ДОНАЦИЈА ОД КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА И 115.000,00 ЕВРА СЕ СРЕДСТВА ДОНАЦИЈА ОД КОЖУВЧАНКА ДОО.
ОВАА ДОНАЦИЈА Е ВО МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА И УСЛУГИ:
-СКИ ЛИФТ ВО ДОЛЖИНА ОД 370М СО КАПАЦИТЕТ ОД 600 ЛИЦА НА 1 ЧАС
-СКИЈАЧКИ ПОЈАС СО КАПАЦИТЕТ ОД 800 ЛИЦА
-ЧЕТИРИ СЕЗОНСКИ ВРТЕЛЕШКИ
-МОБИЛНА ПУМПА
-ЦРЕВО СО ВИСОК ПРИТИСОК 5БРОЈА X 20 МЕТРИ MAX 20 БАР.
-ФИЛТРИ 4 БРОЈА
-ХИДРАНТ 4 БРОЈА
-СНЕЖНИ ТОПОВИ 2 БРОЈА
-ЗАШТИТНА МРЕЖА 20 БРОЈА
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВЕТИ ВО ПРЕДИЗБОРНАТА ПРОГРАМА, А ОД ДЕНЕС ОВОЈ ПРОЕКТ СТАНУВА РЕАЛНОСТ. ВО ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД ЗАПОЧНУВА ИЗГРАДБАТА НА ОВОЈ СКИЈАЧКИ ЦЕНТАР НА ЛОКАЦИЈА МИХАЛОВО, А ВЕЌЕ ВО МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ ИСТИОТ ЌЕ БИДЕ ВО ФУНКЦИЈА.
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!

КОЖУВЧАНКА ДОНИРА 15.000 ЛИТРИ ВОДА ЗА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
СИТУАЦИЈАТА СО ПОЖАРИТЕ НИЗ ЦЕЛА ДРЖАВА ВО КОЈА ВЕЌЕ ПОДОЛГ ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД СЕ НАОЃАМЕ НЕ НЕ ОСТАВА РАМНОДУШНИ.
ПОСЛЕДНИОТ ПОЖАР КОЈ ГО ЗАФАТИ ПЕХЧЕВО И ОКОЛИНАТА , ГО ОСТАВИ ОВОЈ КРАЈ И БЕЗ ВОДА ЗА ПИЕЊЕ.
КОЖУВЧАНКА ДОО ДЕНЕС ИТНО ИСПРАТИ 15.000 ЛИТРИ ВОДА ДОНАЦИЈА НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО.



# ТППЕ КАВАДАРЦИ

- ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕКОГАШ БЕЗРЕЗЕРВНО ПОМАГА ОНАМУ КАДЕ ШТО Е ПОТРЕБНО. ЕКИПА НА ТППЕ КАВАДАРЦИ ИНТЕРВЕНИРААТ НА ПОЖАРИ ВО РЕГИОНОТ НА СВЕТИ НИКОЛЕ.
- НЕСОМНЕНО ТППЕ КАВАДАРЦИ Е НАЈДОБРО ОРГАНИЗИРАНА, ОПРЕМЕНА И ПОДГОТВЕНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ВО НАШАТА ДРЖАВА. ОД 01.05.2024 ГОДИНА ПА ДО ДЕНЕС РЕГИСТРИРАНИ СЕ ВКУПНО 115 ИНТЕРВЕНЦИИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ОД ВКУПНИОТ БРОЈ НА ИНТЕРВЕНЦИИ 85 СЕ ИНТЕРВЕНЦИИ НА ОТВОРЕНО. ВО СИТЕ СЛУЧАЕВИ НИТУ ЕДЕН ПОЖАР НЕ ИЗЛЕГОЛ ОД КОНТРОЛА. СЕКОГАШ СЕ ИНТЕРВЕНИРА БРЗО И ПРОФЕСИОНАЛНО, СО СИТЕ РЕСУРСИ КОИ ГИ ИМА НА РАСПОЛАГАЊЕ КАКО И ПОДГОТВЕНИТЕ ПОЖАРНИКАРИ КОИ СЕКОГАШ ПРОФЕСИОНАЛНО ГИ ИЗВРШУВААТ СВОИТЕ ЗАДАЧИ И РЕАГИРААТ БРЗО И НАВРЕМЕНО.

ПРЕВЕНТИВНО, СЕ ВРШЕШЕ ПАРЦЕЛИЗАЦИЈА НА МЕСНОСТА ЉУБАШ И СЕ ПРАВАТ ПРЕСЕКИ КАДЕ ШТО Е ПОТРЕБНО.

ДОПОЛНИТЕЛНО ПРЕКУ ПОСТОЈАНИ ФИЗИЧКИ ПАТРОЛИ И КОМУНИКАЦИЈА СО МЕСНОТО НАСЕЛЕНИЕ СЕКОГАШ ВНИМАТЕЛНО СЕ СЛЕДИ СОСТОЈБАТА ВО КРИТИЧНИТЕ ДЕЛОВИ КАДЕ ПОСТОИ МОЖНОСТ ОД ПОЈАВА НА ПОЖАРИ НО И МЕСТА КОИ СЕ ТЕШКО ПРИСТАПНИ, СО ЦЕЛ ДОКОЛКУ ИМА ПОТРЕБА НАВРЕМЕНО ДА СЕ ИНТЕРВЕНИРА.

ПРЕКУ ДОБРАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И КОМАНДИРОТ ЧАДАМОВ И ОДЛИЧНАТА КОМУНИКАЦИЈА СО ПОЖАРНИКАРИТЕ, КАКО И СОРАБОТКАТА СО ОСТАНАТИТЕ ИНСТИТУЦИИ, ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е БЕЗБЕДНА КАКО ПРЕВЕНТИВНО ТАКА И ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР.

ОВА НЕКА БИДЕ И АПЕЛ ДО ЦЕЛОТО НАСЕЛЕНИЕ, СИТЕ ДА БИДЕМЕ ОДГОВОРНИ И ВНИМАТЕЛНИ И ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД.

- ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ СО ПОМОШ ЗА БЕРОВО И ПЕХЧЕВО. ЕКИПА ОД ОСУМ ПОЖАРНИКАРИ НА ТППЕ КАВАДАРЦИ ТРГНУВА КОН ПЕХЧЕВО. СО ДВЕ СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА СО 4 ТОНИ ВОДА И ПУМПИ, УНИМОГ, ДВА ЏИПА АДАСТЕРИ И ЕДНО СПЕЦИЈАЛНО ВОЗИЛО ОД ЈП БОР. КАВАДАРЦИ Е СЕКОГАШ И СЕКАДЕ КАДЕ ШТО Е ПОТРЕБНО!








Општинско јавно гласило

**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**

**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа

**Уредник:** Лилјана Митрова

Дизајн: Петре Здравков

Насловна форографија: Цветанка Камчева

**Печати:** печатница АРТ Принт Студио

**Насловна фотографија:** Тони Јошески

Тираж 300 броја

**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија

kavadarci.gov.mk